Согласно член 29 од Статутот на АД Фустеларко Борец Заштитно друштво Битола, Индустриска бб, а врз основа на одлуката на Одборот на директори од 26.03.2021 година, се објавува следниот

# Ј А В Е Н  П О В И К

Се свикува Годишно Собрание на акционери на АД Фустеларко Борец Заштитно друштво Битола.

Собранието ќе се одржи на ден 08.05.2021 година /Сабота/ со почеток во 11 часот во деловните простории на Друштвото, Индустриска б.б., Битола, со почитување на препораките на Владата за заштита од COVID-19.

За Собранието се предлага следниот

## Д Н Е В Е Н  Р Е Д

1.Избор на претседавач.

2.Избор на Верификациона комисија од 3 члена, записничар - нотар и еден бројач на гласови.

3.Разгледување и усвојување на извештајот од Одборот на директори за работењето на друштвото и одобрување на работата на членовите на Одборот на директори во 2020 година.

4.Разгледување и усвојување на ревидираниот финансиски извештај и годишната сметка за 2020 година.

5.Предлог-одлука за распределба на добивката за 2020 година.

6. Предлог-одлука за промена на адреса на седиштето на АД Фустеларко Борец Заштитно друштво Битола.

7.Предлог-одлука за измени на Статутот на АД Фустеларко Борец Заштитно друштво Битола.

8.Предлог-одлука за избор на членови на Одбор на директори.

9.Предлог-одлука за избор на овластен ревизор за 2021 година.

10.Разгледување и усвојување на годишниот извештај за 2020 година на службата за внатрешна ревизија.

11.Разгледување и усвојување на Планот за работа за 2021 година.

12.Одлука за одобрување купување на сопствени акции.

Вкупниот број на акции со право на глас е 71.709 акции.

Право на учество во работата на Собранието и право на глас има секој акционер, лично или од него именувано лице, кое ќе го претставува во Собранието со писмено полномошно.

Образецот за полномошно може да се преземе од интернет страницата www.fustelarko.com.mk.

Акционерите за даденото полномошно го известуваат друштвото на маил finance@fustelarko.com.mk.

Акционерите можат да предлагаат точки во дневниот ред во рок од 8 дена од денот на објавата на Јавниот повик, согласно член 390 од Законот за трговски друштва (детални информации на официјалната интернет страница).

Акционерите можат да извршат увид во материјалите на друштвото за предложените точки од дневниот ред во правна служба секој работен ден од 10 до 14 часот, како и на официјалната интернет страница на друштвото www.fustelarko.com.mk.

ОДБОР НА ДИРЕКТОРИ